# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**ООУ „Петар Поп Арсов“ Карпош, Скопје**

**за период од  2024 до  2028  година**



Септември 2024 год

**Преамбула**

Развојното планирање на ООУ „Петар Поп Арсов“ – Карпош, Скопје, претставува стратешки документ изработен врз основа на важечките закони и регулативи, со цел обезбедување континуиран напредок и развој на образовната институција. Изработката на оваа програма е во согласност со Законот за основно образование, конкретно член 49, став 1 и 2, кој ги регулира принципите за функционирање и планирање на работата на основните училишта. Дополнително, програмата е усогласена со Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште (бр. 18-6579/1 од 6.07.2020), кој ги утврдува основните елементи и параметри за планирање и спроведување на образовните активности.

Во процесот на развој на оваа програма се земени предвид и другите релевантни законски регулативи, како што се Законот за наставници и стручни соработници во основното училиште, кој ги дефинира улогите, правата и обврските на наставниот кадар, Законот за работни односи (член 30-35 и 40-46), кој ги регулира работните односи во училиштето, и Законот за јавни набавки (член 1-3 и 15-19), кој ја утврдува постапката за набавки на потребните средства и ресурси за непречено функционирање на училиштето. Развојната програма е усогласена и со Статутот на училиштето, кој ги утврдува внатрешните правила и начини на управување со институцијата.

Програмата е подготвена врз основа на резултатите од Извештајот од интегралната евалуација на училиштето, која е спроведена од страна на релевантните надзорни тела, како и врз основа на самоевалуацијата на училиштето, спроведена за периодот 2022-2024 година. Овие извештаи ја дадоа основата за идентификување на предизвиците, потребите и можностите за унапредување на образовниот процес и инфраструктурата на училиштето.

Предлогот на Развојната програма е иницииран од Директорот на ООУ „Петар Поп Арсов “ – Скопје, по претходно добиено позитивно мислење од Наставничкиот совет и Советот на родители. По разгледување на овој предлог, истиот беше доставен до Училишниот одбор на ООУ „Петар Поп Арсов“ – Скопје за конечно усвојување. На седница одржана на ден 25.09.2024 година, Училишниот одбор го разгледа и едногласно ја усвои Развојната програма за работа на училиштето за периодот 2024 – 2028 година.

Со оваа програма, училиштето ја поставува основата за својата иднина, осигурувајќи квалитетно образование за сите ученици преку планиран и структуриран развој во наредниот четиригодишен период.

| Развојна програма на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Петар Поп Арсов“ |
| **Адреса** | ул. Трифун Бузев бб |
| **Телефон, е-пошта** | +389023062436 |
| **Период на подготовка на Развојната програма на училиштето** | Септември 2024 |
| **Број на ученици во училиштето** | 591 |
| **Број на подрачни училишта** | / |
| **Училишен директор** | |
| **Име и презиме** | Даниела Штерјова |
| **Потпис** | |
| **Датум** | |
| **Одобрување од УО** | |
| **Име и презиме** | Драгана Павловска |
| **Потпис** | |

| Датум | |
|---|---|

## Содржина

Преамбула ..... 2

Содржина ..... 4

Податоци за основното училиште ..... 5

1.1. Идентификациски податоци за основното училиште ..... 5

1.2. Историјат на основното училиште ..... 7

2.Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето ..... 8

3. Фактори што влијат на развојот на основното училиште (SWOT-анализа) ..... 9

4. Мисија и визија на основното училиште ..... 12

5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив ..... 13

6. Дефинирани стратешки и развојни цели ..... 15

7. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето ..... 17

8. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште ..... 37

**Податоци за основното училиште**

***1.1. Идентификациски податоци за основното училиште***

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Петар Поп Арсов“ |
| Адреса | ул.„Трифун Бузев“ бб |
| Телефон | +38976298255 |
| Место, општина | Скопје, Карпош |
| Е маил | pparsov@yahoo.com |
| Веб-страница | https://ooupetarpoparsov.edu.mk/ |
| Ден на училиштето | 21 Октомври |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 10000 m2 |
| Училиштен двор (m2) | 10000 m2 |
| Подрачни училишта | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 700 |

| | |
|---|---|
| Број на ученици (моментална состојба) | 591 |
| Број на паралелки | 27 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | IV и V одделение во две смени, предметна настава од  VI до IX оддво една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училишт | |

### *1.2. Историјат на основното училиште*

ООУ „Петар Поп Арсов“, основано во 1960 година, првично носело име по хрватскиот писател Иван Горан Ковачиќ. Од 1972/1973 година, училиштето функционира во современа зграда во општина Карпош, Скопје, која е специјално изградена за кабинетска настава и располага со 14 специјализирани училници, библиотека, медијатека и кујна.

Училиштето моментално има околу 600 ученици од прво до деветто одделение, и активно учествува во натпревари на национално и меѓународно ниво, при што редовно постигнува значајни резултати во области како математика, природни науки и уметност.

Во последните години, ООУ „Петар Поп Арсов“ се фокусира на еколошката едукација, интегрирајќи проекти за заштита на животната средина во наставната програма. Учениците активно учествуваат во акциите за чистење на локални простори и садење дрвја, поттикнувајќи свест за еколошките проблеми.

Наставниците, вкупно 52 и 4 стручни соработници кои  редовно се обучуваат за подобрување на своите вештини, со што се зголемува квалитетот на наставата. Училиштето е активно во меѓународни проекти како УСАИД, УНИЦЕФ и Еразмус +, што дополнително ја потврдува неговата посветеност кон иновации и инклузивно образование.

Препознатливо е и како еТвининг училиште, што ја истакнува неговата улога во подобрување на образовните практики на национално и европско ниво. Сите овие аспекти сведочат за динамичниот развој и значајното место на ООУ „Петар Поп Арсов“ во образовниот систем на Македонија.

## 2.Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| **Стратешк цел 1** | **Развојна цел** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образлижение** |
|---|---|---|---|---|---|
| Зголемување на свеста кај родителите за важноста од нивно вклучување во училишниот живот | 1.1. Изготвување на партнерска програма за соработка на родителите и училиштето за вклучување на родителите во животот и работата на училиштето | Целосно реализирано | / | / | / |
| **Стратешк цел 2** | **Развојна цел** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образлижение** |
| Подобрување на постигањата на учениците | 2.1 Зголемување на мотивираноста на учениците за учење | Целосно | / | / | / |
| | 2.2 Подобрување на методите и формите на оценување | Целосно | / | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.3 Подобрување на начинот на планирање и реализација на наставата | / | Делумно | / | Планите активности за работа со талентираните ученици и учениците со ПОП во наставните и воннаставните активности не се целосно реализирани бидејќи се соовпаѓа со периодот на изработка на ново развојно планирање . |

## 3. Фактори што влијат на развојот на основното училиште (SWOT-анализа)

### SWOT-анализа

| Предности ( силни страни) на основното училиште | Слабости ( слаби страни) на основното училиште |
| --- | --- |
| ➢ Во училиштето има пропишана процедура за следење на квалитетот на годишните планирања на наставниците<br>➢ Целосно реализирани наставни планови и програми(според МОН и БРО)<br>➢ Редовно водење на педагошка документација и евиденција од наставници(планирања,следења)<br>➢ Учениците имаат слобода при избор на изборни предмети според Концепција за основно образование, Правилник за избор на наставни предмети, Анкети за избор на слободни изборни предмети<br>➢ Изборот на задачи, активности и ресурси се врши според потребите и можностите на учениците;<br>➢ Образовната инклузија се изведува во соработка со наставниот кадар, со родителите и со стручна служба според потребите и можностите на училиштето;<br>➢ Учениците се запознаени со критериумите на оценување кои се истакнати во училишните простории<br>➢ Учениците добиваат јасна информација за оценката<br>➢ Редовно се мотивирани и пофалени за нивните постигнувања<br>➢ Секогаш се применуваат различни методи на оценување<br>➢ Активно вклучување на учениците во наставата преку различни форми на работа<br>➢ Поттикнато е критичко учење и донесување ефективни заклучоци<br>➢ Учениците при решавање на проблеми учат и други важни вештини, како креативност и меѓу ученичка соработка соработка.<br>➢ Наставниците при реализирање на наставата користат различни извори и приоди за учење, кои ги мотивираат учениците и ги поттикнуваат да истражуваат и решаваат различни проблеми<br>➢ Во училиштето се планираат и реализираат воннаставни активности според интересите и потребите на наставниците.<br>➢ Учениците учествуваат на натпревари од различни области со поддршка на наставниците.<br>➢ Наставниците подеднакво го следат напредокот на учениците без разлика на пол и етничка припадност во сите | ➢ Потреба од сензорна соба за учениците со ПОП;<br>➢ Ограничени финансиски средства за реализација на одредени активности во МИО проектот и вклученост на родителите во реализација на активностите.<br>➢ Организирање на повеќе десиминации на стрчните активи<br>➢ Субјективниот став на учениците дека оценувањето не е праведно<br>➢ Недостаток на ресурси за реализирање на иновативни настава<br>➢ Учениците не се доволно запознаени дека преку нивните идеи и потреби, преку ученичката заедница се вклучени во изработка на програмите за работа на воннаставните активности<br>➢ Слаба комуникација помеѓу родител – ученик во однос на постигањата на учениците.<br>➢ Родителите не се доволно информирани или немаат доволно информации за вклученоста на нивните деца во активностите и иницијативите кои се одвиваат во училиштето.<br>➢ Потреба за побрзо и поефикасно информирање на родителите за мерките и активностите што се преземаат за превенција на насилство и безбедност.<br>➢ Недостаток на ресурси за успешно учење - значајна потреба од подобрување на снабдувањето со основни училишни ресурси<br>➢ Потреба од подобрување на комуникацијата и вклученоста на учениците во процесите на донесување одлуки<br>➢ Потреба од подобрување на комуникацијата и јасноста на училиштните политики и правила |

| Можности ( прилики )што произлегуваат од училиштето и опкружувањето | Закани, пречки ( опасности) што произлегуваат од училиштето и неговото опкружување |
|---|---|
| ➢ Подобрување на комуникацијата со родителите преку организирање на повеќе работилници, индивидуални средби и интерактивни сесии за подобрување на соработката и вклученоста.<br>➢ Привлекување финансиски средства преку аплицирање на проекти за иновативна настава, програми за поддршка на ненасилство во училиштето и промоција на вонннаставни активности кои ќе ги поттикнат учениците да се вклучат активно во училиштето.<br>➢ Зголемување на иновативните методи за учење преку обуки за наставниците и употреба на нови технологии, како и набавка на дополнителна ИКТ опрема за поефикасно спроведување на наставата.<br>➢ Програми за превенција на насилството и креирање безбедна училишна средина, што ќе го подобри чувството на сигурност кај учениците и ќе го намали бројот на конфликти. | ➢ Недостаток на финансиски средства може да го намалат квалитетот на образовниот процес и спроведувањето на планираните активности.<br>➢ Слабата комуникација со родителите може да влијае на успешноста на учениците и нивната мотивација за учење.<br>➢ Недоволната информираност за улогата на ученичката заедница може да доведе до намалена вклученост и иницијативност кај учениците.<br>➢ Недостаток на ресурси за иновативна настава и недоволно развиена инфраструктура за дигитална трансформација во образованието. |

## 4. Мисија и визија на основното училиште

### Мисија

Нашето училиште претставува здрава и пријатна средина, во која се едуцираат учениците преку истражувачки проекти, интеракција и добра организација на воспитно- образовниот процес, каде што ученикот е главен субјект на сите активности.

### Визија

Со заеднички сили и забрзани чекори се стремиме кон иднината: преку модернизација на наставата, осовременување на наставните средства, усовршување на наставниот кадар и подобрување на училишната клима во училиштето каде што секој од нас ќе се најде себеси во остварувањето на едукативниот процес

## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| 1.Вклучување на учениците во планирањето на вонннаставните активности и донесување одлуку во училиштето | Да се вклучат учениците во планирањето на воннаставните активности и донесувањето одлуки е од големо значење за нивниот образовен и личен развој. Ова придонесува за чувство на припадност, мотивираност и одговорност, а истовремено го подобрува квалитетот на училишниот живот. Учениците развиваат лидерски и организациски вештини, што ги подготвува за идни предизвици. Вклученоста во процесите на одлучување ја зголемува нивната мотивација, интерес и ангажираност. Тоа промовира демократски вредности, поттикнува инклузивност и ја подобрува училишната клима. Овие активности стануваат поквалитетни и релевантни, што води кон повисоко учество и подобрување на образовниот процес. |
| 2. Креирање на комплексен и ефикасен систем за превенција од насилство и заштита на учениците од ризици како што се пушење, алкохол и дрога. | Да се создаде систем за превенција од насилство и заштита на учениците од ризици, како што се пушење, алкохол и дрога, е од витално значење за обезбедување на безбедна училишна средина. Овој систем треба да вклучува едукативни програми за зголемување на свеста, механизми за рана идентификација на ризици, поддршка и интервенција за учениците, партнерства со здравствени и социјални служби, и континуирано образование за наставниците. Со овие мерки, училиштето може да развие ефикасни стратегии за заштита на учениците и поттикнување на здрави навики. |

| | |
|---|---|
| 3.Опремување на училиштето со нови ресурси за реализирање на иновативни настава | Недостатокот на ресурси за реализирање на иновативни наставни методи може да ја ограничи способноста на училиштето да ги имплементира современи и ефективни образовни практики. Обезбедувањето на адекватни финансиски средства и ресурси е клучно за развојот и имплементацијата на иновации во наставата. Со развивање на стратегија за привлекување финансии, инвестирање во нови технологии и организирање на обуки за наставниците, училиштето ќе може да создаде подобри услови за иновации и ќе го поддржи развојот на креативноста и критичкото размислување кај учениците. Ова ќе придонесе за подобрување на квалитетот на образованието и ќе осигура дека наставниците и учениците имаат ресурси и алатки за успешна имплементација на новите наставни методи. |

## 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

### Од приоритети кон стратешки цели

| **Приоритет** | **Стратешка цел** |
|---|---|
| 1.Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности и донесување одлуку во училиштето. | Активното вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности и донесувањето на одлуки, преку развој на демократски вредности, критичко размислување и чувство на одговорност. |
| 2. Креирање на комплексен и ефикасен систем за превенција од насилство и заштита на учениците од ризици како што се пушење, алкохол и дрога. | Развивање на интегрирани програми за едукација и поддршка на учениците, наставниците и родителите за ризиците од насилство, пушење, алкохол и дрога, со воспоставување ефикасни системи за идентификација и превенција на ученици, и создавање партнерства со локалните здравствени и социјални служби. |
| 3. Опремување на училиштето со нови ресурси за реализирање на иновативни настава. | Обезбедување на неопходни ресурси за реализација на иновативни наставни практики преку развивање на стратегии за привлекување финансиски средства, инвестирање во нова ИКТ технологија и опрема, и организирање на обуки за примена на ресурсите во наставниот процес |

### Од стратешки цели кон развојни цели

| Стратешка цел | Развојна цел |
|---|---|
| 1. Активното вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности и донесувањето на одлуки, преку развој на демократски вредности, критичко размислување и чувство на одговорност. | 1.1. Поттикнување на ученичкиот глас и лидерство |
| | 1.2. . Промовирање на критичко размислување и демократски вредности |
| | 1.3. Развивање на одговорност и социјална акција |
| 2. Развивање на интегрирани програми за едукација и поддршка на учениците, наставниците и родителите за ризиците од насилство, пушење, алкохол и дрога, со воспоставување ефикасни системи за | 2.1 Создавање интерактивни програми за едукација на учениците, наставниците и родителите за ризиците од насилство, пушење, алкохол и дрога. |

| | |
|---|---|
| идентификација и превенција на ученици, и создавање партнерства со локалните здравствени и социјални служби. | 2.2 Воспоставување системи за рана идентификација и превенција на ученици за насилство насилство и ризични состојби. |
| | 2.3 Развој на партнерства со локални здравствени и социјални служби, полицијата и невладините организации за споделување ресурси и превенција. |
| 3. Обезбедување на неопходни ресурси за реализација на иновативни наставни практики преку развивање на стратегии за привлекување финансиски средства, инвестирање во нова ИКТ технологија и опрема, и организирање на обуки за примена на ресурсите во наставниот процес | 3.1. Развој и имплементација на стратегија за привлекување финансиски средства |
| | 3.2. Инвестирање во нова ИКТ технологија и опрема |
| | 3.3. Организирање на обуки за наставниците за користење на новите технологии |

## 7. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

| Стратешка цел 1. Да се зголеми активно  вклучување  на учениците во планирањето на вонnаставните активности и донесувањето на одлуки, преку развој на демократски вредности, критичко размислување и чувство на одговорност. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Развојна цел 1  Поттикнување на ученичкиот глас и лидерство | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторита |
| 1. Спроведување на работилници за учениците од IV до IX оддна тема „Како да планираме и организираме вонnаставни активности“, | - 80% од учениците учесници ќе покажат разбирање на процесот на планирање по завршување на работилниците.<br>- 60% од предложените идеи од учениците ќе | - Наставници кои се одговорни за вонnаставни активности.<br>- Надворешни експерти за организација на активности (по потреба).<br>- Училишен психолог и | Септември 2024, 2025,2026,2027 год | - Брошури, водичи).<br>- Просторија опремена за групна работа и презентации (табла, проектор, лаптопи).<br>- Буџет за ангажирање надворешни | - Училишен педагог и психолог.<br>- Претставници од наставничкиот совет.<br>- Претставници од ученичкиот парламент. | - Анкети за учениците за задоволство од работилниците.<br>- Прашања за проверка на разбирање на процесот на планирање (пред и по работилницата).<br>- Листа на предложени идеи од учениците и проценки за тоа колку од нив се интегрирани во вонnаставните активности. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| со цел да се подготват за активно учество во процесот на планирање. . | бидат интегрирани во училишните вонnаставни активности.<br><br>- 90% од учениците ќе изразат задоволство од работилниците преку анкетите. | педагог. | | експерти и организација на работилницит е. | | |
| 2. Одржување на крај на секој квартален период ученички форуми каде што учениците преставници од ученичкиот парламен ќе можат да дебатираат идеи за подобрувањ | - Минимум 70% од учениците учествуваат во дискусиите.<br><br>- Најмалку 30% од предложените идеи се реализирани во активности или проекти.<br><br>- Најмалку 80% позитивни оценки од учениците и наставниците за квалитетот на дебатите. | Наставници, координатори<br><br>,учениц, стручни соработници,<br><br>Директор | Континуира но | - Соодветна просторија за дискусии<br><br>- Лаптопи и проектори за презентаци<br><br>- Печатење на информативн и материјали<br><br>- Мали трошоци за подготовка и организација на настаните | Координатор наставник на активноста<br><br>Ученици<br><br>- стручни соработници<br><br>- Директор<br><br>- садминистративе н кадар | - Пишани извештаи и записници од секој форум и дебата<br><br>- Формулари и анкети за собирање повратни информации од учениците<br><br>- Статистички податоци за бројот на бројот на предлози и идеи<br><br>- Извештаи од евалуација на резултатите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| е на училиштето и планирање на нови активности. | | | | | | |
| 3. Создавање на онлајн платформа или физички „кутија за идеи“ каде учениците преставници од ученичкиот парламен ќе можат да предложат активности и проекти за училишниот живот Идеите ќе бидат селектирани по пат на демократски избор со тајно | - 80% зголемување на предложените идеи во првата година.<br>- 60% од учениците активно предлагаат идеи.<br>- 5% од предложените идеи се реализирани.<br>- 75% од учениците се задоволни од процесот и платформата. | наставници координатори<br>Ученици<br>- стручни соработници<br>- Директор | Учебна 2025-2028 год | Средства за развој на онлајн платформа или за набавка на физичка „кутија за идеи<br>- Компјутери<br>- „кутија за идеи“<br>- Брошури, упатства | - Наставник раководител на проектот<br>- Претставници од ученичкиот парламент<br>- одговни наставници и ученици за промовирање на платформата во училиштето | Платформи за управување со документи како Google Drive<br>- записи и табели кои водат евиденција на предложените идеи<br>- анкети за собирање повратни информации<br>- |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| гласање. | | | | | | |
| Развојна цел 2  Промовирање на критичко размислување и демократски вредности | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплемента ција | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| 1. Организира ње симулации на демократски процеси како избори дебати или парламента рни сесии, организиран и иреализиран и од страна на ученичкиот парламент.Потоа по пат на хоризонтaлн | - 80% од учениците учествуваат во симулациите.<br>- 70% покажуваат подобрување во аргументирањето и донесувањето одлуки.<br>- 75% покажуваат позитивен напредок во тимската работа. | - Наставник по граѓанско образование<br>- ученици<br>преставници од ученички парламент<br>-наставници | Учебната2024/2025 - 2027-2028год | - просторија за симулација<br>- печатени материјали<br>- компкјутери | - Наставник по граѓанско образование<br>- ученици<br>преставници од ученички парламент<br>-наставници | - анкети и прашалници за собирање повратни информации од учениците и наставниците за вкупното учество на учениците и за способностите за критичко мислење<br>- Извештаи од спроведените анкети<br>- Извештај од  финални евалуации<br>- |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| о учење ќе се пренесат во секоја паралелка од IV до IX одд. | | | | | | |
| 2. Развој на проекти за основните граѓански права и слобода на изразување, правото на еднаквост и правото на приватнос кај учениците | - 90% учествуваат во истражување за граѓански права.<br>- 70% покажуваат подобрени критички вештини преку дебати.<br>- 75% активно учествуваат во дебати и дискусии<br>- 2% остварени проекти | - Наставник по граѓанско образование<br>- ученици<br>преставници од ученички парламент<br>-наставници | Учебна 2025/2026год | - Книги, статии<br>- Компјутери или таблети<br>- Постери, маркери, лепила и боички | - Наставник по граѓанско образование<br>- ученици<br>преставници од ученички парламент<br>-наставници | - Анкети и прашалници за повратни информации од учениците и наставниците<br>- Интервјуа со ученици и наставници<br>- Листи за присуство, фотографии, видеа<br>- Извештаи од спроведените анкети и за еваулација<br>- Краен извештај од проектот |
| 3. Поддршка на ученицитите од I до IX одд да организираат и учествуваат | - 80% учествуваат во организирање на кампањи.<br>- 70% покажуваат подобрени лидерски способности. | - Наставник по граѓанско образование, природни науки и биологија<br>- ученици | Учебна 2024/2027год | - книги, статии, презентации<br>- Компјутери<br>- Постери, флаери и | - Наставник по граѓанско образование, природни науки и биологија<br>- ученици<br>преставници од | - анкети и прашалнизци за собраните повратни информации од учениците и наставниците<br>- Извештаи за спорведенате кампања |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| во кампањи за општествени прашања, како што се заштита на животната средина | - 75% зголемуваат свест за заштита на животната средина.<br><br>- 10% од кампањите резултираат со конкретни акции (садење дрвја, чистење, рециклирање). | преставници од ученички парламент<br><br>-наставници<br><br>-преставници од локална заедница<br><br>- Родители | | брошури<br><br>- донации<br><br>- НВО за поддршка на кампањата. | ученички парламент<br><br>-наставници<br><br>-преставници од локална заедница<br><br>- Родители | - Листи за присуство<br><br>-записници од состаноци<br><br>- Фотографии, видеа |
| Развојна цел 3 .Развивање на одговорност и социјална акција | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплемента ција | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторита |
| 1. Организира ње на акција за чистење на паркови, садење на дрвја и уредување на Еко училница во училишниот | - 80% од учениците учествуваат во планирани активности.<br><br>- Садат најмалку 50 дрвја или растенија.<br><br>- 10% од локалната заедница е вклучена во акцијата<br><br>-20% родители | Наставници по биологија, природни науки, граѓанско образование<br><br>- Координатор наставник на | Учебна од 2024/25 до 2027/28год | - книги, статии, презентации<br><br>- Компјутери<br><br>- Постери, флаери и брошури<br><br>- Садници, семиња и алатки за | Наставници по биологија, природни науки, граѓанско образование<br><br>- Координатор наставник на проектот<br><br>- Ученици<br><br>-Преставници о | - анкети и прашалнизци за состојбата пред и по раеализацијата на акцијата<br><br>- информации од учениците и наставниците<br><br>- Извештаи за спорведената акција<br><br>- Листи за присуство |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| двор | вклучена во акцијата<br><br>- 75% од учениците покажуваат зголемено знаење за одржливост. | проектот<br><br>- Ученици<br><br>- Преставниц од локалната заедница<br><br>- Родители | | садење<br><br>- донации<br><br>- НВО за поддршка на кампањата | локалната заедница<br><br>- Родители | -записници од состаноци<br><br>- Фотографии, видеа |
| 2. Организира ње на активности за социјална ранлива група на ученици | - 80% од учениците учествуваат во волонтерски активности.<br><br>- Организирани најмалку 2 волонтерски активности во секоја наставна година<br><br>- 75% од учениците покажуваат зголемено разбирање за социјалните проблеми. | Наставници по, граѓанско образование<br><br>- Координатор наставник на акцијата<br><br>- Ученици<br><br>- Стручни соработници<br>- Преставниц и о локалната заедница<br><br>- Родители | Континуира но | - постери<br><br>- брошури<br><br>- медиуми<br><br>- социјални мрежи<br><br>- донации од материјали за хигиена<br><br>- облека<br><br>- храна | Наставници по, граѓанско образование<br><br>- Координатор наставник на акцијата<br><br>- Ученици<br><br>- Стручни соработници- | - фотографии,видеа<br><br>- извештај од структурата на учениците од сојално ранливата категорија<br><br>- Извештај од спроврведената акција |

<table>
<tr><td colspan="7">Стратешка цел 2. Да се развијат интегрирани програми за едукација и поддршка на учениците, наставниците и родителите за ризиците од насилство, пушење, алкохол и дрога, со воспоставување ефикасни системи за идентификација и поддршка на изложени ученици, и создавање партнерства со локалните здравствени и социјални служби.</td></tr>
<tr><td colspan="7">Развојна цел 1  Создавање интерактивни програми за едукација на учениците, наставниците и родителите за ризиците од насилство, пушење, алкохол и дрога.</td></tr>
<tr><td>Активности</td><td>Индикатори за успех</td><td>Реализатори</td><td>Временска рамка за имплементација</td><td>Потребни ресурси</td><td>Тим за следење за реализација на активностите</td><td>Инструменти/извори на информации за следење на индикаторита</td></tr>
<tr><td>1.Имплементација на едукативни програми и работилници за учениците од I до IX одд кои ќе вклучуваат интерактивни предавања, групни</td><td>- 80% од учениците учествувале во програмите и работилниците.<br>- 90% од планираните програми и работилници се реализирани.<br>- 85% од учесниците се со подобрени здрави навики и</td><td>- Стручни соработници<br>-наставници<br>-ученици<br>-локалната заедница</td><td>Континуирано</td><td>Едукативни материјали<br>Обучени фасилитатори и стручњаци за одржување на работилниците и предавањата<br>Простории и опрема</td><td>Директор<br>-тим за следење на годишната програма</td><td>Анкети и прашалници.<br>Извештаи од обучувачите<br>Статистички податоци<br>Повратни информации од учениците</td></tr>
</table>

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| дискусии и практични вежби за здрави навики и стратегии за справување. | сподсобности за справувањње со предизвици од пороци | | | | | |
| 2. Организирање на проекти во училиште, каде учениците ќе создаваат мултимедијални презентации, видеа или постери за подигнување на свеста за ризиците, следејќи го процесот 'од идеја до реализација | -- 80% реализирани проекти.<br><br>- 75% учесници во проектите од ученици креирани мулимедијални презентации и видеа, со поддршка на наставници,  и предавањања од родителите.<br><br>- 85% квалитет на завршените проекти (на основа на оценки и повратни информации). | Наставници, ученици,<br><br>Родители,<br><br>Надворешнисоработници | Учебна 2024/25 – 2027/28година | Едукативни материјали<br><br>Потрошен канцелариски материјал<br><br>Опрема и простор | Наставници, координатор на проектите, родители. | Извештаи за напредок, оценување на проектите, анкети за учесниците. |

| Развојна цел 2 Воспоставување системи за рана идентификација и поддршка на ученици изложени на насилство и ризични состојби. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторита |
| 1.Создавање на специјализирани програми за обука на наставниците кои ќе ги опфатат техники за препознавање на насилство и ризични состојби, како и стратегии за интервенција. | - 90% завршена обука (број на обучени наставници). - 80% применливост на знаењето во наставата. - 85% оценка на ефективноста на обуката. | - Стручни соработници<br>наставници<br>-ученици<br>-локалната заедница | Учебна 2024/25 – 2027/28година | Образовни материјали<br>документи и протоколи;<br>-презентери и експерти<br>-практични ресурси<br>-техничка опрема | Директор<br>Тим за следење на годишната програма | Анкети и прашалници.<br>Записници и извештаи Статистички податоци<br>Повратни информации од учениците |
| 2. Создавање на интердисциплинарен тим за поддршка кој ќе работи со | - тим за превенција<br>- 75% кои | Наставници<br>Стручна служба | Учебна 2024/25 – 2027/28година | Ресурси за поддршка (прирачници, материјали), | Координатори,<br>Членови | Извештаи за активностите на тимот, анкети за задоволство од поддршката. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| учениците за превенција од насилство или ризични состојби. | добиваат поддршка на ниво на цело училиште.<br><br>- 85% позитивни повратни информации од учениците и родителите за квалитетот на поддршката. | | | комуникациски алатки. | на тимот за подршка<br><br>родители | |
| 3. Создавање на стандартизирани протоколи за интервенција за ученици кои покажуваат знаци на насилство или ризични состојби. | - 100% развиени протоколи.<br><br>- 90% случаи обработени според новите протоколи.<br><br>- Време на реакција на интервенции: 80% спроведени во рок од 24 | Наставници, психолози, административно лице. | Учебна 2024/25 – 2027/28година | Стручна литература, консултации со експерти, работна група | Координатор на проектот, членови на тимот, административни работници | Извештаи за имплементацијата на протоколите, статистики за обработени случаи, анкети за ефективноста на интервенциите. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | часа. . | | | | | |
| Развојна цел 3 Развој на партнерства со локални здравствени и социјални служби, полицијата и невладините организации за споделување ресурси и превенција. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторита |
| 1. Создавање на формални договори и спогодби со локални здравствени и социјални служби, полиција, невладини организации и родителски асоцијации за предавања и работилници за учениците од превенција од насилство. | . - 85% реализирани настани, кампањи и работилници . - 75% од учесниците ја оценуваат применливоста на знаењето како висока. - 80% позитивни оценки за ефективноста на активностите | - Стручни соработници<br>наставници<br>-ученици<br>-локалната заедница | Континуирано | Документи и договори за формализирање на партнерствата<br>-организациски капацитет<br>-средства за настан<br>-техничка и информативна подршка | Директор Тим за следење на годишната програма | Анкети и прашалници.<br>Записници и извештаи Статистички податоци<br>Повратни информации од учениците |
| 2. Создавање на заеднички програми за превенција, како | - 90% реализирани заеднички | Претставници од секоја институција, | Учебна 2024/25- | Финансиски средства за организација, | Членови од институц | Анкети за учесниците, извештаи за имплементација, статистички податоци за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| што се едукативни кампањи, работилници | програми.<br>- 80% од учесниците во програмите.<br>- 85% позитивни повратни информации од учесниците. | Наставници, социјални работници | 2027/28год | материјали за обука, простор за настаните. | ии,<br>Координатор, наставници,<br>Стручна служба | учество. |
| 3. Развој на е-платформа Google Drive и Blog страна за споделување информации и ресурси помеѓу партнерите и заедницата, со цел олеснување на комуникацијата и размена на материјали и искуства. | - 85% позитивни повратни информации за корисноста наплатформата.<br>- 1 успешно креирана блог или web страница. | IT експерти, наставници,<br>социјални работници, координатор на партнерствата | Учебна За сосдавање на платформата 2024/25 година<br>Континуирано соработката на партнерите | Достапност на интернет, платформа за ресурси, материјали за создавање на ресурси. | Членови на тимот, администратори на ресурсни от центар. | Аналитика на веб-страницата, анкети за корисниците, повратни информации за ресурси. |

| **Стратешка цел 3.** Обезбедување на неопходни ресурси за реализација на иновативни наставни практики преку развивање на стратегии за привлекување финансиски средства, инвестирање во нова ИКТ технологија и опрема, и организирање на обуки за примена на ресурсите во наставниот процес | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Развојна цел 1 Развој и имплементација на стратегија за привлекување финансиски средства | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторита |
| 1. Барање и идентификација на потенцијални извори на финансирање | - Број на идентификувани извори на финансирање: **X**<br>- 80% успешно анализирани извори.<br>- 60% од изворите за кои е подготвен план за аплицирање.<br>- Број на контакти со потенцијални донатори и спонзори: **Y**<br>- Позитивни | - Стручни соработници наставници<br>-ученици<br>-локалната заедница<br>- Тим за пишување на апликации<br>- Локални и меѓународни партнери (училишта, НВО, итн.)<br>- Консултанти за финансирање | Учебна 2025/2026год | - Тим од 3 лица за истражување и анализирање на извори<br>- Лиценциран софтвер за управување со проекти и анализа на податоци<br>- Буџет за патни трошоци, литература и алатки<br>- Обуки и курсеви за користење на средства за истражување и аплицирање | Директор Тим за следење на годишната програма | - Интернет платформи за грантови<br>- Бази на податоци за донатори<br>- Вебинари и конференции<br>- Анализа на претходни проекти<br>- Документација и извештаи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | повратни информации од 3 објавени апликации. | | | | | |
| 2. Развивање на предлог-проекти и апликации за грантови | - Број на идентификувани извори на<br>- 80% успешно анализирани извори.<br>- 60% подготвени планови за аплицирање.<br>- Број на контакти со донатори:<br>- Позитивни повратни информации од 3 апликации. | - наставници<br>- стручни соработници Директор<br>- стручни лица за грантотови и за мониторинг | 2024-2027год | - наставници, стручни соработници<br>- Средства за развој на предлог-проекти и апликаци<br>- Обуки и курсеви , прирачници<br>- Компјутерска опрема и софтвер<br>- Рокови и планови | - наставници<br>- стручни соработници Директор<br>- стручни лица за грантотови и за мониторинг | - Извештаи од состаноци<br>- Базите на податоци за грантови и фондови<br>- Алати за мониторинг и евалуација<br>- Интерни извештаи и белешки<br>- извештаи од конкретно добиени проекти |
| 3. Создавање на партнерства и мрежи со донатори спонзори | - 80% зголемување на активни партнерства.<br>- 90% успешно реализирани обврски.<br>- 75% позитивни повратни | - наставници<br>- стручни соработници Директор<br>- стручни лица за грантотови и за мониторинг | 2025/2027год | - Тим за активности: Стручни соработници, наставници, и членови училишниот одбор<br>- Средства за организација на настани и за | Координатор за Проект<br>- Специјалист за Финансии и Бјуџет<br>- Наставници и | - Платформи за управување со проекти<br>- Бази на податоци<br>- Комуникациски алатки<br>- Алатки за анализа<br>- Финансиски извештаи<br>- Формулари за собирање на повратни информации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | информации од донатори.<br>- 70% нови иницијативи преку партнерства.<br>- 60% зголемување на обезбедени средства. | | | промотивни материјал<br>- база на податоци со информации за потенцијални донатори и корпоративни спонзори<br>- Комуникациски алатки<br>- Договори и меморандуми за соработка | Стручни Соработници, Директор<br>- Тим за Следење и Евалуација | |
| Развојна цел 2 Инвестирање во нова ИКТ технологија и опрема | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторита |
| 1. Набавка на нова ИКТ опрема | - 100% набавена и инсталирана нова ИКТ опрема според планот.<br>- 80% од наставниците и учениците ќе ја користат новата | - Училишен ИТ координатор.<br>- Наставници по информатика и техничко<br>- Надворешна фирма за набавка и инсталација на ИКТ опрема. | 2025-2026год. | -Буџет за набавка на ИКТ опрема (компјутери, лаптопи, проектори, интерактивни табли).<br>- Просторија за инсталација и користење на опремата. | - Училишна ИТ комисија (вклучувајќи наставници по информатика и директор)<br>- | - Извештај за набавена и инсталирана опрема.<br>- Анкети за задоволство од опремата (за наставниците и учениците).<br>- Регистар на употребата на новата опрема во наставата (електронски дневник). |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | опрема во наставата по нејзиното воведување.<br>- 90% задоволство од новата опрема кај наставниците и учениците според анкетите. | | | - Спецификации за потребната опрема и договори со снабдувачите | Претставници од ученички от парламент.<br>- Финансиски координатор за набавка на опремата | |
| 2.Активност Формирање на тим од наставници и ученици со напредни ИКТ вештини кои ќе обезбедуваат техничка поддршка | - 90% успешно решени технички проблеми од страна на тимот<br>- 85% од корисниците да изразат високо задоволство со добиената техничка поддршка.<br>- Над 50% од техничките прашања да бидат решени директно од | - Наставници по информатика и техничко.<br>- Ученици со напредни ИКТ вештини.<br>- Надворешни експерти за обуки (по потреба). | Учебна 2025год | - Образовни материјали и обуки за напредни ИКТ вештини (видео туторијали, софтверски алатки).<br>- Лаптопи, десктоп компјутери и опрема за техничка поддршка (кабли, рутери, принтери). --Просторија опремена за работа на ИКТ тимот. | - Наставници по информатика и технологија. - Училишен ИТ координатор. - Претставници од ученички от парламент. | - Анкети за задоволство од техничката поддршка кај наставниците и учениците.<br>- Листа на решени технички проблеми и време на реакција.<br>- Прашања за проверка на ИКТ вештините пред и по обуките (кратки тестови). |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | учениците. | | | | | |
| Развојна цел 3   Организирање на обуки за наставниците, стручни соработници административен кадар  за користење на новите ИКТ технологии | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементациј а | Потребни ресурси | Тим за следење за реализац ија на активност ите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторита |
| Организирање тим билдинг обука со фокус на развивање на меѓусебна комуникација и соработка преку користење на ИКТ алатки | - 85% од наставниците ќе покажат подобрени вештини за примена на ИКТ алатки во наставата.<br>- 70% од наставниците ќе вклучат нови техники за комуникација и соработка со учениците во своите часови.<br>- 90% од учениците ќе изразат подобрување во меѓусебната соработка и | - Наставници по информатика и стручни соработници.<br>-  Надворешни експерти за иновативни наставни методи и ИКТ.<br>-  тим за организација на семинарите | Учебна 2025/202год. | - ИКТ опрема (компјутери, таблети, интерактивни табли).<br>-  Софтвер за комуникација и соработка (Google Classroom, Microsoft Teams, Zoom, Mentimeter, Kahoot).<br>- Простор за спроведување на семинарите, тренинг материјали, и презентации. | - Училише н ИТ координа тор.<br>- Тим и стручни соработн ици.<br>- Претстав ници од ученички от парламен т. | - Анкети за проценка на наставниците за нивото на знаење и примена на ИКТ алатки пред и по обуката.<br>- Анкети за ученици за задоволство од примена на ИКТ алатките во наставата.<br>- Мониторинг на часови од страна на педагошкиот тим за следење на примена на новите методи. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | комуникација преку користење на ИКТ алатки. | | | | | |
| 2. Менторски сесии за индивидуална поддршка на наставниците во примена на иновативни технологии | - 80% од наставниците ќе демонстрираат подобрено користење на иновативни наставни техники во своите часови.<br>- 75% од наставниците ќе ја применат новостекнатата методологија во наставната практика во рок од три месеци по сесиите.<br>- 85% од учениците ќе изразат задоволство од новите методи на учење преку | - Искуствени наставници кои се обучени за примена на иновативни методи.<br>- Надворешни ментори со експертиза во наставна методологија.<br>- Стручни соработници. | Учебна 2025-2027 год | - Наставни планови, примери на добри практики.<br>- Простор и ИКТ опрема за индивидуални и групни менторски сесии (таблети, лаптопи).<br>- Финансиски средства за ангажирање на ментори и тренери. | -стручни соработници<br>- ИТ координатор за поддршка при користење на ИКТ алатки.<br>-Ментори и надворешни тренери. | - Пред и по анкети за наставниците за проценка на знаењето и примената на иновативни техники<br>.- Обсервации и набљудување на часови од страна настручните соработници.<br>-Анкети за учениците за проценка на квалитетот на наставата и задоволството од новите методи. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | анкети. | | | | | |
| 3.Спроведување евалуација по завршувањето на обуката, за да се оцени ефективноста на обуките. | - 85% од наставниците ќе изразат задоволство од содржината на обуката.<br>- 80% од наставниците ќе покажат применување на новите техники во наставата во рок од 6 месеци по обуката.<br>- 90% од учениците ќе забележат позитивни промени во начинот на учење по примената на новите методи<br>- подобрен просечен успех на крајот на наставните години по предметите | - Тим за спроведување на евалуацијата.<br>- Надворешни експерти за анализа на податоците од евалуацијата (по потреба).<br>- Наставници кои учествуваа во обуките. | 2027год. | - Анкети за наставниците и учениците.<br>- Софтвер за обработка на податоци (Excel, Google Forms или други алатки).<br>-с Време за спроведување на евалуацијата и анализа на резултатите. | - стручни соработници<br>- Надворешни експерти (доколку е потребно за сложена анализа). | - Анкети за наставниците и учениците (пред и по обуката).<br>- Извештаи од наставниците на квартрални, полугодишни и годишни периоди за примена на новите техники во наставата.<br>- Резултати од следење на наставниот процес и напредокот на учениците по примената на новите методи |

**с8. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште**

1. Даниела Штерјова – Директор
2. Даниела Панајотова – Педагог
3. Светлана Јовевска – Психолог
4. Олгица Бајалџиева – Наставник ментор предметен наставник по биологија
5. Ивана Ергиќ – Одделенски наставник
6. Мирјана Китановска - Совет на родители
7. Драгана Павловска – Училишен одбор
8. Гала Наумова – Ученички парламент
9. Елена Затковска – Локална Самоуправа

Датум________________________________

Директор

Даниела Штерјова

____________________________

Претседател на Училишен одбор

Драгана Павловска

____________________________